Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16. 02. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 1225 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **контролен**

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за производство, трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДОО Гевгелија - дигитален пакет.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 13.02.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

**5. Претходно изречена мерка:**

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-320 од 02.02.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015 година.

Решението е уредно примено на 04.02.2015 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Програмските сервиси кој овој оператор ги реемитува во својот дигитален пакет, а не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги се: Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Eurosport, Eurosport 2, Hayat Music, Hayat Plus, Hayat Folk и Planeta, што е спротивно на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизелни медиумски услуги.

**7. Предлог мерка:**

Поради тоа што, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за производство, трговија и услуги СПАЈДЕР-НЕТ увоз-извоз ДОО Гевгелија, продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет, Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**